УДК: 325.83/.85(497.721)”1895/1903”
323.272:329МРО(497.721)“1895/1903“

Ненад Саздовски
Државен архив на РСМ, подрачно одделение Куманово
nenad.sazdovski@yahoo.com

# ДЕЈНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО КУМАНОВСКО (1895-1903)

*Апстракт.* – Градот Куманово и неговата околина одиграле значајна улога во историјата на македонското револуционерно движење. Тука дошла до израз борбата меѓу српската и бугарската пропаганда. Во екот на борбите меѓу туѓите пропаганди се појавила Македонската револуционерна организација (МРО), чија цел била создавање на автономна Македонија во нејзините етногеографски граници. МРО во 1895 година формирала свој комитет во Куманово, а подоцна и во повеќе села во Кумановско. Во согласност со новата територијална организација на ТМОРО од 1896 година, територијата на Кумановско влегла во составот на Скопскиот револуционерен округ. Активноста на МРО во Кумановско главно била насочена кон борба против српската пропаганда. Кумановскиот регион бил активен и за време на Илинденското востание. Притоа од големо значење било доаѓањето на четата на Никола Пушкаров, која што водела битка со турскиот аскер, а на неговата чета и се придружила една српска чета предводена од војводата Анѓелко Алексиќ. По востанието била формирана Српската четничка организација која дејствувала и во Кумановско. Четите на ТМОРО се спротивставувале на навлегувањето на четите на СЧО. Проблематиката на делувањето на МРО во Кумановско е мошне скудно истражена од страна на македонската историографија. Од тие причини сметам дека е потребно подетално истражување на оваа проблематика. Во оваа статија ќе се концентрирам на следните прашања: формирање на комитетот на МРО во Куманово и во селата во Кумановско, Виничката провала, појавата на првите чети, како и борбата против српската пропганда до Илинденското востание, по што таа преминала од културно-просветна во вооружена.

На 23. 10./04. 11. 1893 година во Солун била формирана Македонската револуционерна организација (МРО). Нејзини основачи биле: Даме Груев, Христо Татарчев, Петар поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров и Христо Батанџиев.[1] Пред празникот Богојавление, за време на коледната ваканција на 05.01.1894 година била утврдена целта на МРО „автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници."[2] Исто така бил формиран Централен комитет во кој влегле шестмината основачи на МРО. За претседател на ЦК бил избран Христо Татарчев, а за секретар и благајник Даме Груев.[3] Со идејата за формирање на МРО бил запознаен и Гоце Делчев од страна на неговиот сограѓанин (и основач на МРО) Иван Хаџи Николов, но вклучувањето во истата го условувал со завршувањето на военото училиште.[4]

Набргу биле формирани комитети на МРО во внатрешноста на Македонија. Иако во Илинденските сведоштва како година на формирање на комитетот на МРО во Куманово се наведува 1894 година, сепак најверојатно тој бил формиран во 1895 година кога биле формирани и комитетите во Скопје, Крива Паланка и Кратово.[5] Според Ѓорѓи Трајков Ачпаловски, кој бил член на МРО во Куманово, во комитетот на МРО во Куманово влегувале: Ѓорѓи Ачпаловски, Атанас Крстев, Ангел Голомахов и Мише Спиридонов-Камабанак.[6] Според Миодраг Арсовски-Болто, во овој период во Куманово пристигнал Димитар Мирасчиев, по потекло од Штип и учител во Крива Паланка. Тој во куќата на Ѓорѓи Јованов-Борозанов го формирал комитетот на МРО во Куманово во кој влегле: Ѓорѓи Караман (?) (претседател), Јанко Арсов, Петко Костов - Думановски, Аксентиј Јованов Борозанов и Диме Ќумбетчијата кој бил избран за курир на комитетот.[7] Според Крсто Лазаров комитетот на МРО во Куманово го формирале: Аксентиј Борозанов, Георгиев, Стојчо Чекров, Анастас Голоманов, Христо Кипријанов и др.[8]

Иако Болто како извори за формирање на комитетот на МРО во Куманово ги посочува Ѓорѓи Ачпаловски и извесен Ѓорѓи Караман сепак

[1] Ѓорѓиев, 2003, 127; Силјанов, 2003, 59. Христо Силјанов по грешка како датум на основање на МРО го става 24 ноември .

[2] Ѓорѓиев, 2003, 128.

[3] Исто, 134.

[4] Димески, 1992, 29; Полјански, 1972, 40.

[5] Саздовски, 2021, 46.

[6] Исто; Илинденски сведоштва, 2016, 368; Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 167.

[7] Арсовски-Болто, 2007, 20.

[8] Спомени, 2006, 141.

нивните тврдења околу тоа кои биле први членови на комитетот не се поклопуваат. Треба да се има предвид дека Илинденските сведоштва се пишувани по Втората светска војна од страна на учесници во МРО со цел да земат пензија, и затоа треба да се земат со резерва. Исто така за личноста која што е наведена како Ѓорѓи Караман, кој што наводно бил прв претседател на комитетот во Куманово, не располагаме со никакви податоци за тоа кое било неговото вистинско име, бидејќи Караман најверојатно му бил прекар. Неговите мемоари кои што ги цитира Миодраг Арсовски-Болто не се објавени во Илинденските сведоштва. Од друга страна Крсто Лазаров не бил меѓу основачите на комитетот во Куманово и во редовите на Организацијата се вклучил подоцна, па така тој се смета за второстепен извор. Така, во недостиг на други извори се повикуваме на оние со кои располагаме.

Миодраг Арсовски- Болто, повикувајќи се на спомените на основачите на комитетот во Куманово, тврди дека Гоце Делчев во 1895 година го посетил Куманово. Според Болто, „Гоце пристигнал во Куманово преоблечен во албанска носија заедно со уште еден трговец од Солун со кој наводно сакал да купи афион“.[9] Притоа за време на десетдневниот престој во Куманово водел разговори со месниот комитет на МРО. Неговите активности биле насочени кон пронаоѓање на сигурни и проверени луѓе на кои требало да се потпира Организацијата, не само во Куманово туку и во селата.[10] Болто, повикувајќи се на извесниот Ѓорѓи Караман, тврди „Гоце прво дошол во Скопје и престојувал во хотелот Балкан“. Притоа Кандиларов му испратил писмо на Караман во кое пишувало дека Гоце ќе дојде во Куманово. Караман го испратил Диме Ќумбетчијата да го пречека Гоце на патот за село Биљановце. Притоа Гоце наводно престојувал во куќата на Караман, а потоа три дена кај Ѓорѓи Борозанов.[11]

Иако немаме други извори кои наведуваат дека Гоце Делчев во овој период го посетил Куманово, сепак според тврдењето на Туше Деливанов, сограѓанин на Гоце Делчев од Кукуш и учесник во МРО, Гоце „секоја саботна вечер исчезнувал од Штип, кога преоблечен, кога не, и се враќал во недела навечер или во понеделник“.[12] Ако на тоа се додаде тврдењето на Караман, на кого се повикува Болто, дека тој пристигнал

---

[9] Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 168.

[10] Исто.

[11] Исто.

[12] Димески, 1992, 43.

во Куманово преоблечен во албанска облека, може да се заклучи дека постои веројатност Гоце да го има посетено Куманово во овој период. Секако доколку оваа посета на Гоце Делчев на Куманово навистина се случила, тоа било или на почетокот на 1895 година, кога бил формиран комитетот во Куманово, или евентуално за време на летниот распуст, со оглед на тврдењето дека посетата траела повеќе денови, доколку може да им се верува на тврдењата на Караман.

По наводната посета на Гоце, во текот на 1895 година се формирале селски комитети на МРО во Кумановско. Селски комитети најпрвин биле формирани во источниот дел на Кумановската каза и тоа во селата: Пчиња, Винце, Градиште, Кшање и Живиње, а потоа во северниот дел во селата: Облавце, Сув Ора, Канарево, Челопек и Младо Нагоричане.[13] Во јужните и западните делови на казата не биле формирани комитети на Организацијата, поради концентрација на албанското и турското население.[14]

На чело на комитетот во Пчиња бил поставен Милош Павлов Костовски. Во комитетот покрај Костовски биле и Данко Георгиевски и Коце Пешев. Комитетот ги опфаќал селата Пчиња, Винце и Колицко.[15] Со комитетот во Живиње раководел Панзо Соколов.[16] Според кажувањето на Илија Димитриевски од село Винце (Кумановско), член на МРО, во селскиот комитет во Винце влегле: поп Нико Стојанов, поп Симе Величков, Петко Стојков Трајковски и Николчо Наков.[17]

Во 1896 година, за време на велигденската ваканција во периодот од 5 до 12 април 1896 година се одржал првиот конгрес на МРО во Солун.[18] Организацијата од овој конгрес излегла со ново име Тајна Македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). Притоа во согласност со новата територијална реорганизација, територијата на Кумановско влегла во составот на Скопскиот револуционерен округ.[19] На Конгресот била донесена одлука за формирање на Задгранично претставништво на Организацијата во Софија. Притоа во ноември 1896 година за Задграничен претставник на ТМОРО во Софија бил назначен Гоце

[13] Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 16; Арсовски-Болто, 2007, 30; Саздовски, 2021, 46-47.

[14] М. Арсовски-Болто, Кумановска револуционерна организација...,30.

[15] Исто.

[16] Арсовски-Болто, 2007, 30; Н. Саздовски, 2021, 47; Илиндендски сведоштва 2017, 170.

[17] Илинденски сведоштва 2016, 1228.

[18] Ѓорѓиев, 2003 ,215; Димески, 1992, 77.

[19] Саздовски, 2021,49.

Делчев, а во март 1897 година му се придружил и Ѓорче Петров. Исто така, Гоце и Ѓорче биле задолжени да го изработат новиот устав и правилник на ТМОРО.[20]

МРО уште од своето формирање се изјаснила против туѓите пропаганди во Македонија, што било прокламирано и со Уставот од 1897 година. Српската пропаганда гледала сериозен противник во ТМОРО за остварување на своите интереси. Меѓутоа Србија не го согледувала самостојниот карактер на ТМОРО и во истата гледала орудие на бугарската држава и бугарската пропаганда во Македонија.

Во овој период со Скопскиот револуционерен округ во чиј состав влегувала територијата на Кумановско раководел Христо Матов. Матов во извесна смисла отстапувал од самостојниот карактер на ТМОРО и наместо на чиста револуционерна работа повеќе се посветил на борбата против српската пропаганда.[21] Кога судирот помеѓу српската и бугарската пропаганда се заострил, Матов напишал две антисрпски статии.[22] За овие ставови, Организацијата често му приговара на Матов.[23]

Ноќта на 14/26 наспроти 15/27 ноември 1897 година, една разбојничка банда влегла во Виница и го убила Ќазим ага.[24] Како резултат на ова убиство се создала првата провала во редовите на Организацијата, позната како Виничка провала. Виничката провала нанела сериозни последици на делувањето на ТМОРО во Кумановско. За време на Виничката провала биле уапсени видни дејци на Организацијата во Кумановско меѓу кои: Ангел Голомахов, Мише Спиридов - Камбанах, Ѓорѓи Стаменковски, Петко Думановски, Орде Сечко, поп Ѓорѓи и др.[25] Вкупно од Куманово биле уапсени 36 членови и раководители на Организацијата.[26]

Виничката провала нанела сериозни последици по делувањето на ТМОРО во Кумановско и ѝ овозможила пробив на српската пропаганда. Привзрзаниците на српската пропаганда сакале Виничката провала да ја искристат во своја полза. Србоманите измислувале обвиненија и пласирале лажни докази против дејците на ТМОРО.[27] Исто така затворените дејци на ТМОРО во Куманово биле испитувани во присуство на ср-

---

[20] Димески, 1992, 80.
[21] Саздовски, 2021, 49.
[22] Пандевски, 1974, 117.
[23] Историја на македонскиот народ, книга втора, НИП Нова Македонија, Скопје, 1969, 214.
[24] Ѓорѓиев, 1997, 75.
[25] Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 169.
[26] Исто.
[27] Британски документи, 2005, 579.

бомански првенци. Истите барале од нив да се пишат Срби, а за возврат ќе им биде простено и ќе бидат ослободени.[28] Овие предлози биле одбивани од страна на дејците на ТМОРО, со одговор дека „тие биле подготвени да принесат жртва за доброто на својот народ“.

По Виничката провала започнало обновување на мрежата на Организацијата во Кумановско. Учителите Борозанов, Георгиев, Голумахов, Крајчев, Кипријанов и граѓаните Кучкаревски Стојче, Орде Сечков и други, ја обновиле мрежата на ТМОРО во Куманово.[29]

Со цел санирање на последиците од Виничката провала, во 1899 година Гоце Делчев наводно повторно го посетил Куманово. Миодраг Арсовски-Болто, повикувајќи се на пишувањето на Никола Петров Русински, кој во 1900 година го посетил Куманово, тврди една година претходно, во 1899 година Гоце престојувал во градот. Притоа, два дена престојувал во анот на Христо Анџијата.[30] Оваа информација Русински ја дознал од самиот анџија Христо.

Познато е дека во овој период Гоце Делчев бил Задграничен претставник на ТМОРО во Софија. За време на неговиот престој во Софија често влегувал во Македонија. Меѓутоа, освен тврдењето на анџијата Христо немаме друг извор што би го потврдил престојот на Гоце Делчев во Куманово во овој период. Оттука во недостаток на други извори не можеме да заклучиме дали втората посета на Гоце Делчев на Куманово навистина се случила.

Виничката провала придонела за промена на тактиката на борба на ТМОРО, и за создавање на Четничкиот институт, чиј творец бил Гоце Делчев. Во согласност со член 11 од Уставот на ТМОРО и Окружното од 1898 година, Гоце Делчев и Ѓорче Петров изработиле правилник за четите на ТМОРО. Во член 8 од Правилникот стои дека четата ги преследува другите чети на својата територија кои не се дел од ТМОРО.[31] Овој дел е особено важен поради фактот што по формирањето на Српската четничка организација и уфрлањето на српските чети во Македонија, ТМОРО со своите чети жестоко се спротивставила на српските чети, од причина што според Правилникот не било дозволено навлегување на туѓи чети на територија под контрола на Организацијата.[32]

[28] Карамфилов, 1922, 94.

[29] Саздовски, 2021, 51-52; Карамфилов 1922, 95.

[30] Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 169.

[31] Ѓорѓиев, 2003, 280; Ѓорѓиев, 2013, 182; Димески, 1992 ,118.

[32] Саздовски,2021, 52.

Во овој период во Куманово била формирана реонска чета, а во одредени села и месни вооружени чети.[33] Набргу по формирањето, четите на ТМОРО започнале со ликвидација на истакнати србомански првенци. Така во декември 1900 година од страна на чета на ТМОРО бил убиен Ѓорѓи Јовановиќ од село Никуљане, Кумановско, а истиот месец во 1900 година од страна на чета на ТМОРО бил убиен селанец, србоман од село Челопек (Кумановско).[34]

Во 1900 година ТМОРО во Кумановско била засегната од нова провала. Притоа биле уапсени видни дејци на Организацијата од Кумановско, а еден дел пребегале во Бугарија.[35] Во 1901 година организационата мрежа во Куманово повторно почнала да се зацврстува.[36]

Назначувањето на Фирмилијан за српски митрополит во Скопската епархија го зголемил револтот на македонското револуционерно движење кон српската пропаганда. Така во писмото од Морис де Бунсен, вршител на должноста британски амбасадор во Цариград, до маркизот Ленсдаун од 11 јануари 1901 година, пишува дека една чета на Македонскиот комитет навлегла од Бугарија, при што се судрила со 100 османлиски војници. Како причина за судирот се наведува назначувањето на Фирмилијан за Скопски митрополит. Понатаму во извештајот се наведува дека 50 „Бугари" биле затворени во Куманово и испратени во Штип и Скопје.[37] Најверојатно станува збор за приврзаници на ТМОРО од Куманово, кои британските дипломати гиословувале како „Бугари". Очигледно е дека и Велика Британија, како и останатите големи сили и балкански држави го сметала македонското население како бугарско, водејќи се според османлискиот милет систем, кој тие не го разбирале, бидејќи терминот милет иако во буквална смисла значел народ, сепак симболизирал црковна а не етничка припадност.

Во јули 1902 година избила нова провала во Куманово, при што биле уапсени 24 дејци на ТМОРО од градот.[38] И овој пат србоманите вршеле разоткривање на водачите и раководителите на ТМОРО од Куманово. Од друга страна, кумановскиот јузбашија за возврат вршел притисок врз дел од уапсените да се изјаснат како Срби, притоа ветувајќи им дека во

---

33 Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 166.

34 ДАРМ, Фонд: МНР на Кралството Србија 1839-1918, кутија 5, АЕ200/416-539.

35 Карамфилов 1922, 98.

36 Исто.

37 Британски документи, 2012, 100-101.

38 Карамфилов 1922, 98.

присуство на српскиот архиерејски наместник ќе ги ослободи. Некои од уапсените за да се спасат ги признале делата. Од уапсените останале 11, а другите биле ослободени. Осудените биле затворени во скопскиот затвор Куршумли Ан, но биле амнестирани со општа амнестија на сите затвореници во Османлиската Империја.[39]

Набргу по оваа провала дошло до повторно обновување на организационата мрежа во Куманово. Најголема заслуга за ова имала посетата на Алекса Мартулков, член на ТМОРО од Велес, на Куманово во 1902 година. За време на посетата, Мартулков имал средба со Илија Лефков, претседател на комитетот на ТМОРО во Куманово.[40] Една од главните задачи била подобрувањето на материјалната состојба во Организацијата. За таа цел, од пребеганите кумановски трговци, како и од останатите слоеви на населението биле собрани 450 турски лири за набавка на оружје и вршење на курирски работи. Било предвидено и зголемување на бројот на четите, пренос на илегалниот материјал и сокривање на илегалните раководители на Организацијата. Околу набавка на оружјето особено се истакнал Алекса Мартулков, кој заедно со Христо Магарчев од тројца Албанци купил 60 пушки и 20 револвери.[41]

Српската пропаганда со своето делување нанела сериозни удари на македонското револуционерно движење во Кумановско. Поради тоа главната активност на ТМОРО во овој регион била насочена на борба против српската пропаганда, поради што револуционерната дејност помалку затаила.[42] Ситуацијата се променила по доаѓањето на Никола Пушкаров од Бугарија, есента 1902 година. Тој бил испратен од страна на Гоце Делчев „за да се зафати со чисто револуционерна работа“ а „србоманското прашање“ да го остави настрана.[43] По доаѓањето на Пушкаров на чело на Скопскиот округ дошло до масовизирање на движењето со вклучување на сите незадоволни елементи во Организацијата.[44]

На 03/16 01. 1903 година, на конгресот на ТМОРО во Солун била донесена одлука за кревање на востание во Македонија.[45] Востанието

---

[39] Исто.

[40] Мартулков, 1954, 78; Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 170. Според Димитар Масевски оваа посета на Мартулков се случила во 1900 година, што не е точно бидејќи самиот Мартулков во своите спомени кажува дека таа се случила во 1902 година.

[41] Мартулков, 1954, 78; Д. Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 171.

[42] Саздовски, 2021, 55.

[43] Пандевски, 1974, 118.

[44] Исто.

[45] Ѓорѓиев, 2003, 463.

било кренато на 2 август, Илинден 1903 година. Во овој период, во Кумановско, со одлука на Месниот комитет на ТМОРО во Куманово била формирана чета од доброволци, која што имала задача да замине за Крушево и да им помогне на востаниците. Четата ја формирал Аксенти Јовановски-Борозанов, член на ТМОРО од село Младо Нагоричане. Меѓутоа кога четата пристигнала кај селото Пчиња, пристигнал курир на Организацијата кој што им кажал дека востаниците во Крушево биле поразени.[46]

Комитетот на ТМОРО во Куманово успеал да изврши една успешна диверзантска акција. Во август 1903 година бил поставен експлозив на железничката станица во Куманово, при што била нанесена материјална штета.[47] На 16 август 1903 година, четата на Никола Пушкаров влегла во судир со аскерот кај Ѓуришкиот манастир.[48] Тука пристигнала и една српска чета предводена од Анѓелко Алексиќ.[49] Според извештајот на српскиот генерален конзулат од 24 07./06. 08. 1903 година, четата на Алексиќ броела 7-8 четници.[50] Четата на Пушкаров ја опколила четата на Алексиќ. Послединиот истакнал дека четата дошла во Македонија да ја поддржи Внатрешната организација во борбата против Османлиите.[51] Потоа неговата чета пристапила на помош на четата на Пушкаров, која имала судир со аскерот.[52] Во текот на денот на денот аскерот добил засилување од селото Иванковци, Велешко, јуручкото село Торбаници во близина на Штип[53] и од Куманово.[54] Од страна на четниците загинал падарот Мирасчиев од Штип, а имало и тројца ранети.[55] По завршувањето на дејствијата, Анѓелко му предложил на Пушкаров и на неговите четници да пребегаат во Србија.[56] Четниците се извлекле кон село Дивље, Скопско, а потоа заминале кон манастирот Св. Прохор Пчински, од каде

---

[46] Масевски, Арсовски-Болто, 1996, 172.

[47] Исто, 173.

[48] Силјанов,2003, 396.

[49] Краков, 1990, 98.

[50] Документи, 2008, 121; Движението, 1927, 192; Елдъров, 1993, 45. Според Никола Пушкаров четата броела 7 души, од кои 3 Срби и 4 Македонци.

[51] Силјанов, 2003, 396: Движението 1927, 192.

[52] Лазаров, 2006, 99: С. Елдъров, 1993, 45.

[53] Лазаров,2006, 102: Х. Силјанов, 2003,396.

[54] Движението 1927, 192: Пандевски, 1978, 334.

[55] Движението 1927, 192: К. Лазаров, 2006, 102: Турски докуметни 2007, 75. Според турските документи од страна на ТМОРО имало 13 загинати, а од страна на аскерот имало 4 загинати и 7 ранети.

[56] Краков, 1990, 99.

што се префрлиле во Србија.[57] Ова бил единствен пример на соработка меѓу четниците на ТМОРО и српските четници.[58]

Илинденското востание го актуелизирало македонското прашање на дипломатски план.[59] Тоа довело до иницијатива за нови реформи во Османлиската империја. Главни иницијатори за реформи во Империјата биле рускиот цар Николај II и австроунгарскиот император Франц Јосиф I.[60] Од 30 септември до 3 октомври 1903 година, се одржала средбата во Мирцштег.[61] На 2 октомври 1903 година бил донесен документ наречен Мирцштегски реформи.[62] Посебно штетна била третата точка од реформите, која предвидувала нова територијална поделба заради посоодветно групирање на националностите. Тоа довело до засилување на туѓите пропаганди во Македонија, кои сега добиле вооружен карактер.[63]

Набргу по востанието била формирана Српската четничка организација која што воспоставила своја организациона структура во Македонија, вклучително и на територијата на Кумановско. Четите на ТМОРО (од октомври 1905 година ВМОРО) решително се спротивставиле на навлегувањето на српските чети во Македонија, во тој контекст и во Кумановско. Тука во борбата против српските чети особено се истакнал војводата на Организацијата во Кумановско Крсто Лазаров.

По востанието дошло до поларизација во редовите на ТМОРО / ВМОРО, што довело до целосен раскол во нејзините редови. Таквата состојба се одразила и на територијата на Кумановско, каде што дошло до поделба меѓу членовите на Организацијата на централисти и сарафисти. Оваа поделба, покрај тоа што ја парализирала работата на Организацијата, овозможила и пробив на српската вооружена пропаганда во Кумановско. Таквата ситуација довела до тоа српската вооружена пропаганда да го добие посакуваниот тек. Со Букурешкиот договор од 1913 година, овој дел на Македонија, во кој што спаѓа и Кумановско, влегол во состав на Кралството Србија (од 1918 СХС, а од 1929 Југославија). И во овој период четите на возобновената ВМРО навлегувале во Македонија,

---

57 Лазаров, 2006, 102.

58 Саздовски, 2021, 62.

59 В. Ѓорѓиев, 2003,22.

60 Ѓорѓиев, 2013, 115.

61 Ѓорѓиев, 2003, 22.

62 Исто, 25: Илиќ, 2006, 17: Тодоровски, 1987, 75-76.

63 Ѓорѓиев, 2003, 26.

вклучително и во Кумановско и се бореле против српската власт. За време на Втората светска војна овој дел на Македонија бил окупиран од Бугарија.

Идеалите на МРО за создавање на македонска држава нашле одраз и за време на НОБ (1941-1944), благодарение на која на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински била создадена современата македонска држава (барем на дел од македонската територија). По ослободувањето, дел од преживените учесници во МРО добиле пензии и ордени. Меѓу нив имало и преживеани дејци на МРО од Куманово. Идеалите на МРО и денес се негуваат во Куманово. Гимназијата во градот го носи името на големиот македонски великан Гоце Делчев, а по неговото име се именувани една населба и една улица во Куманово. Исто така, за време на одбележувањето на годишнините од неговото раѓање и загинување, група граѓани од Куманово и почитувачи на идеалите на МРО, положуваат цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во дворот на истоимената гимназија. Сепак, многу дејци на МРО кои делувале во Кумановско не се доволно истражени. Затоа останува на нас, како помлада генерација на македонски историчари, да ги истражиме и обработиме овие личности кои се значајни како за македонската, така и за историјата на Куманово и Кумановско.

## СЕЛЕКТИВЕН ПРЕГЛЕД НА КОНСУЛТИРАНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### ИЗВОРИ

### А. КОРИСТЕНИ ФОНДОВИ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МНР на Кралството Србија 1839-1918

### Б. ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

Британски документи за историјата на Македонија т. 5(1886-1900), превод и редакција Драги Ѓорѓиев, Скопје, 2005.

Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904) том VI, Македонска литература, превод и редакција Александар Трајановски, Зорица Божиновска, Скопје, 2012.

Документи о спољној политици Краљевине Србије, књига 2, додатак 1, Организација српска одбрана 1903-1905 године, Београд 2008.

Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО 1893-1903, Поглед низ документи, Матица македонска, Скопје, 2013.

Илинденски сведоштва том I, дел II, ДАРМ, Скопје 2016.

Илинденски сведоштва том IV, дел I, Скопје, 2017.

Турски документи за оружените борби во Македонија, ДАРМ, Скопје, 2007.

### ЛИТЕРАТУРА

Арсовски Миодраг - Болто, Кумановска револуционерна организација 1894, Куманово, 2007.

Андонов Полјански Христо, Гоце Делчев III, Гоце Делчев во спомените на современиците, Култура, Скопје, 1972.

Димески Димитар, Гоце Делчев, НИО „Студентски збор", Скопје, 1992.

Движението отсам Вардара и борбата с върховистите, по спомените на Яне Сандански, Черно Пеев, Сава Михайлов, Ив. Атанасов Гръчето, Петър Хр. Юруков и Никола Пушкаров, София, 1927.

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт македонското револуционерно и националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903, Табернакул, Скопје, 2003.

Ѓорѓиев Ванчо, Петар поп Арсов, Прилог кон проучување на македонското националноослободително движење, Матица Македонска, Скопје, 1997.

Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Сто години од Балканските војни, Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 1912 година, Скопје, МАНУ, Скопје, 2013.

Елдъров Светлозар, Сръбската въоръжена пропаганда в Македония (1901-1912), Военноиздателски комплекс „Св. Георги Победоносец, София, 1993.

Илиќ Владимир, Српска четничка акција (1903-1912) Библиотека оделења за исторју, Филозофски факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2006.

Историја на македонскиот народ, книга втора, НИП Нова Македонија, Скопје, 1969.

Карамфилов В. Д. Дейността на сърбите в Куманово и околията, Сборник Илинден 1903-1922 г., издание на Македонското студентско дружество „Вардар", София, Печатница П. Глушков, 1922.

Краков Станислав, Пламен четништва, Београд, 1990.

Масевски Димитар, Арсовски Миодраг-Болто, Куманово - прилози за проучување на неговото минато од праисторијата до денес, ноември 1996.

Мартулков Алекса, Моето учество во револуционерните борби во Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 1954.

Премрежјата на македонското революционерно движење, спомени на Христо Калајиев, Крсто Лазаров, Мирчо Кикиритков, Атанас Џолев, Скопје, 2006.

Пандевски Манол, Националното прашање во македонското ослободително движење, (1893-1903), Култура, Скопје, 1974.

Пандевски Манол, Илинденското востание во Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 1978.

Саздовски Ненад, Српската вооружена пропаганда во Североисточна Македонија (Кумановско, Кривопаланечко и Кратовско) 1903-1908, Скопје, 2021.

Силјанов Христо, Ослободителните борби на Македонија том прв Илинденското востание, Скопје, 2003.

Тодоровски Глигор, Србија и реформите во Македонија , Скопје, 1987.

Nenad SAZDOVSKI
State Archive of the RNM, Kumanovo

## THE ACTIVITY OF THE MACEDONIAN REVOLUTIONARY ORGANIZATION IN THE KUMANOVO REGION (1895-1903)

(summary)

The Macedonian Revolutionary Organization was formed on 23.10. / 04.11.1893 in Thessaloniki. Its founders were Dame Gruev, Hristo Tatarchev, Petar Pop Arsov, Ivan Hadji Nikolov, Hristo Batandjiev and Andon Dimitrov. On January 5, 1894, a Central Committee of Organization was formed, consisting of the six founders of MRO. Hristo Tatarchev was elected as president of the Central Committee, and Dame Gruev was elected as secretary and treasurer. Also, the goal of MRO, "autonomy of Macedonia within its ethnographic and geographical borders", was established.

Soon, MRO committees began to be formed in the interior of Macedonia. The committee of the MRO in Kumanovo was formed in 1895 by Dimitar Miraschi-

ev, originally from Shtip, and a teacher in Kriva Palanka. The committee was formed in the house of Gjorgi Jovanov-Borozanov, and it included Gjorgi Karaman (president), Gjorgi Jovanov-Borozanov, Janko Arsov, Petko Dumanovski, Aksentij Jovanov-Borozanov and Dime Kjumbetchija, who was elected as the courier of the committee.

In 1895, Goce Delchev allegedly visited Kumanovo. In doing so, he had a meeting with members of the MRO committee in Kumanovo. Upon Goce's alleged visit to Kumanovo, village committees of the MRO began to be formed in Kumanovo. At the same time, committees were formed in the villages: Pchinja, Vince, Gradiste, Kshanje, Zivinje, Oblavce, Suv Ora, Kanarevo, Chelopek and Mlado Nagoricane.

In the period from April 5 to 12, 1896, the first MRO congress was held in Thessaloniki. The organization emerged from this congress with a new name, Secret Macedonian-Adrianople Revolutionary Organization (TMORO). In accordance with the new territorial organization, the territory of Kumanovo became part of the Skopje Revolutionary District. During this period, the Skopje Revolutionary District of TMORO was managed by Hristo Matov, who in a way deviated from the independent character of TMORO, and instead of purely revolutionary work, he devoted himself more to the fight against Serbian propaganda.

In 1897, the first big break in the ranks of the Organization took place, known as the Vinitsa break-in. During the break-in, the TMORO committee in Kumanovo also suffered. At the same time, 36 members and leaders of the Organization from Kumanovo were arrested.

After the Vinica disaster, the restoration of the organizational network in Kumanovo began. In 1899, Goce Delchev allegedly visited Kumanovo again in order to heal the consequences of the Vinica's break-in. But we have no concrete evidence for this, as well as for Delchev's previous visit to Kumanovo.

The Vinica break-in contributed to a change in TMORO's fighting tactics and to the creation of the regional army units, whose creator was Goce Delchev. A regional army units was formed in Kumanovo, and local armed communities were also formed in certain villages. In 1900, TMORO in Kumanovo was affected by a new break-in.

Prominent members of TMORO were arrested in Kumanovo's region, and some of them fled to Bulgaria. In 1901, the organizational network in Kumanovo started to strengthen again. In July 1902, a new break-in affected Kumanovo, during which 24 members of the TMORO were arrested. Shortly after this break-in, the organizational network in Kumanovo was restored. The Macedonian revolutionary Aleksa Martulkov, who visited Kumanovo in 1902, had the greatest credit for this.

After the arrival of Nikola Pushkarov from Bulgaria, in the fall of 1902, and his standing at the head of the Skopje district, the movement massed by including all disaffected elements in the Organization.

On 03/16 January 1903, at the TMORO congress in Thessaloniki, a decision was made to start an uprising in Macedonia. The uprising was started on August 2, Ilinden, and that is why it is called the Ilinden Uprising. During this period, a company of volunteers was formed in Kumanovo region, which was supposed to go to Krushevo to help the insurgents. However, when the army units arrived at the village of Pchinja, a courier arrived who said that the insurgents in Krushevo had been defeated. The committee of TMORO in Kumanovo managed to carry out a diverse action. In August 1903, an explosive was planted at the railway station in Kumanovo, which caused great material damage.

On August 16, 1903, Nikola Pushkarov's company clashed with the army units near the Gyuriski Monastery. A Serbian unit led by Angjelko Aleksic also arrived here, and it joined Pushkarov's units in the fight with the army units. During the day, the army received reinforcements and the Chetniks defected to Serbia.

Shortly after the uprising, the Serbian army units organization was formed, which formed its own organizational structure in Kumanovo's region. The troops of TMORO (from October 1905 VMORO) fiercely resisted the penetration of Serbian troops into Macedonia, in that context also in Kumanovo. Here, the leader of the Organization in Kumanovo's region Krsto Lazarov stood out in particular in the fight against the Serbian troops. Also, a big problem of the Organization's activities in Kumanovo was the polarization in its ranks, especially the division of centralists and Sarafists. This ultimately led to a split in the ranks of the organization, and the Serbian propaganda got the desired course, that is, this part of Macedonia (which includes Kumanovo) became part of the Kingdom of Serbia (later SCS and Yugoslavia) with the Bucharest Peace Agreement. During this period, the renewed VMRO organization continued the armed struggle against the Serbian authorities.

During the Second World War, this part of Macedonia was occupied by Bulgaria. During the People's liberation fight 1941-1944, the ideals of the MRO finally came to the fore, when on August 2, 1944, in the monastery of St. Prohor Pchinski was created the modern Macedonian state.

The ideals of MRO are still cherished in Kumanovo today. The high school in the city bears the name of the great Macedonian Goce Delchev, and a street and a neighborhood in Kumanovo are named after him. However, many men of the MRO who worked around Kumanovo have not been sufficiently investigated. That task remains with us, the younger generation of Macedonian historians.